РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

07-11-2025 Бр./Nr. 12-1014/2
г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 24-та седница одржана на 03.11.2025 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Пријавата со број 12-1014/1 од 10.03.2025 година, со наводи против државни земјоделски инспектори, СЕ ОТФРЛА.

ДКСК утврди дека за наводите за сомневање за судир на интереси е постапувано по предмет 09-3102/1 од 2024 година, а за наводите за непочитување на работното време се во надлежност на друг државен орган.

Предметот со број 12-1014/1 од 10.03.2025 година, да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Од страна на непознат подносител, на ден 10.03.2025 година, до Државната комисија за спречување на корупцијата и судирот на интереси е поднесена пријава по која е оформен предмет број 12-1014/1 од 10.03.2025 година.
Во доставената пријава изнесени се наводи против државните земјоделски инспектори---------- ------------ од --------- и --------- ------------ од -------- --------- поради сомневање за злоупотреба на нивната службена положба, непотизам и други незаконски дејствија. Пријавените наводи се однесуваат тоа дека наведените лица во текот на нивното работно време често отсуствувале од своите работни места поради тоа што биле ангажирани од судии во Основните судови во -------, -----------, ---------, ---------- и ---------, како вешти лица заради утврдување на докази со увид на лице место при вештачења на предмети од земјоделската област и експропријација на земјоделско земјиште, за што добивале дополнителни финансиски средства.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

По разгледувањето на наводите од анонимната пријава, ДКСК констатира дека по однос на наводите за сомневање за состојба за судир на интереси е постапувано по предмет број 09-3102/1 од 2024 година по кој на 23-та седница е донесена одлука 09-218/5 од 16.10.2025 година за запирање на постапувањето. По однос на наводите за сомневање за непочитување на работното време од страна на пријавените лица/инспектори, ДКСК оцени дека е надлежен друг државен орган.

Имајќи го предвид наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Заменик претседател**

**м-р Цвета Ристовска**

Изготвил: П.Б.,советник
Контролирал:Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П. Раководител на сектор
Одобрил: м-р Б.К.Ш., Член на ДКСК